**КОНКУРС ЗА ИЗБОР НА УЧЕСНИЦИ ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПРОЕКТ "ИНОВАТИВНО УЧИЛИШТЕ ОТСКОЧНА ШТИЦА" 2016 ГОДИНА**

Почитувани,

Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, е учесник во меѓународнит проект **"ИНОВАТИВНО УЧИЛИШТЕ ОТСКОЧНА ШТИЦА"**, кој започна во 2015 година и е продолжение на проектот **„ОТСКОЧНА ШТИЦА"**, кој започна во 2012 година. Во проектот учествуваат факултети од : Швајцарија, Русија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Македонија. Целта на проектот е унапредување и размена на знаења од областа на дизајнот, дрвната индустрија и шумарството. Како императив на сите трудови треба да се запазат екологијата, одржливиот дизајн и зачувувањето на животната средина. Ве повикувам да учествувате со Ваши трудови од споменатите области и да ги доставите до архивата на ФДТМЕ до 25. 02. 2016 година. Трудовите треба да се изработени на англиски јазик. Право на учество имаат студенти апсолвенти, дипломирани студенти и магистранти. Сите кандидати треба да имаат одлично познавање на англиски јазик. Во прилог праќаме пример за формата на изработка на труд.

Со почит,

Координатор на проектот

Проф. д-р Владимир Каранаков